Врз основа на член 25 став 2 од Законот за филмската дејност („Сл. Весник на Република Македонија'' бр.82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16 и 11/18), Агенцијата за филм на Република Македонија објавува

**КОНКУРС ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО ФИЛМСКАТА ДЕЈНОСТ ЗА 2019 ГОДИНА**

**I ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ**

Конкурсот се распишува за финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност и тоа:

**1.** Организирање на домашни фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер и

**2** Издавање на публикации од областа на филмската дејност

**II. ПРАВО НА УЧЕСТВО И УСЛОВИ ЗА КОНКУРИРАЊЕ**

Право на учество имаат правни лица регистрирани во Централен Регистар на Република Македонија, непрофитни организации, здруженија на граѓани и фондации.

**III ПРИОРИТЕТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИТЕ**

Агенцијата за филм на Република Македонија финансира проекти кои:

- македонската кинематографија ја ставаат во интернационален контекст;
- имаат европски, односно меѓународен карактер;
- го промовираат интеркултурниот дијалог и развој на граѓанското општество;
- се засновани на стручно и професионално знаење;
- имаат висок квалитет и профилираност на основната дејност;
- имаат занчителна посетеност;
- се одржуваат континуирано и со традиција;
- имаат едукативен аспект/квалитет на публикациите.

**IV. КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОЕКТИ**

Постапката за евалуација и одлучување на проектите, подетално е опишана во Пријавата за учество на Конкурс објавена на веб страната на Агенцијата за филм на РМ

На конкурсот нема да бидат разгледувани пријави кои:

- се доставени по истекот на рокот за пријава на проекти по Конкурсот;
- не се поднесени на Пријава соодветна за овој Конкурс;
- се непотполни и неуредно доставени

**V. ВИСИНА НА УЧЕСТВО НА АГЕНЦИЈАТА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОЕКТИТЕ**

Агенцијата за филм може да учествува во финансирањето на поднесените проекти во максимално учество до 70% од вкупниот буџет на проектот.

**VI. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА**

Корисниците се обврзуваат дека сите средства доделени од страна на Агенцијата ќе ги користат наменски, законски, рационално и економично согласно буџетот на проектот, од сметка за посебни намени т.н наменска сметка.

**VII НАЧИН И РОК НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА**

Пријавувањето на проектите се врши со доставување на пополнета Пријава која е составен дел од Конкурсот. Пријавата треба да се преземе од веб-локацијата на Агенцијата за филм (www.filmagency.gov.mк ) да се пополни на македонски јазик електронски со впишување на податоци на означеното место и да се верификува.

Пријавата и документацијата по конкурсот треба да се достават до Агенцијата за филм на Република Македонија преку пошта на адреса: ул. „8 Март“бр.4 или до Архивата на Агенцијата за филм на Република Македонија со назнака “пријава на Конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност’’.
Пријавата и документацијата по Пријавата воедно задолжително се доставуваат и во електронска форма на е-маил адресата: info@filmagency.gov.mk

Краен рок за достава на Пријави по Конкурс е 23.12. 2018 година.

**VIII ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНКУРСОТ**

Проектите прифатени на Конкурс ќе се објават и на веб страната на Агенцијата за филм на Република Македонија.

**IX ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**

Дополнителни информации во врска со Конкурсот може да се добијат во Секторот за филмска дејност и меѓународна соработка на телефонскот број 02/3224-100 или на емаил contact@filmagency.gov.mk